Уп. Бр.08-110/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, и Акционерско друштво во приватна сопственост „АСНОВА ХОЛДИНГ“, со седиште на улица Микола Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, преку полномошник Маја Парговска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 23.08.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување заедничка контрола од страна на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, и Акционерско друштво во приватна сопственост „АСНОВА ХОЛДИНГ“, со седиште на улица Микола Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, над Акционерско друштво во приватна сопственост „САВ 92“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина., по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 19.06.2023 година, а дополнета на 31.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, и Акционерско друштво во приватна сопственост „АСНОВА ХОЛДИНГ“, со седиште на улица Микола Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, со која

ОРБИКО ДОО за трговија Загреб и „АСНОВА ХОЛДИНГ“ ќе стекнат заедничка контрола над Акционерско друштво во приватна сопственост „САВ 92“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб** е со главен предмет на работењето трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производи.

ОРБИКО ДОО за трговија Загреб има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Скопје. Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО Скопје е неспецијализирана трговија на големо и истовремено е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови на прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега, производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

Акционерско друштво во приватна сопственост „**АСНОВА ХОЛДИНГ** е со предмет на работење - други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место.

Акционерско друштво во приватна сопственост **„САВ 92“, е** со предмет на работење – Неспецијализирана трговија на големо.

Пред спроведување на концентрацијата Акционерско друштво во приватна сопственост „САВ 92“ ќе стекне 100% од основната главнина на следните друштва во Украина:

- Друштво со ограничена одговорност „БЕНИЦЕ“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, со предмет на работење – Неспецијализирана трговија на големо;
- Друштво со ограничена одговорност „САВСЕРВИЦЕ-МОВА“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, со предмет на работење – Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и производи од тутун;
- Друштво со ограничена одговорност „ПРОМО СЕРВИЦЕ“, со седиште на улица Миколи Краснова бр. 27, Киев, 03115, Украина, со предмет на работење – Маркетинг агенции;

Пред концентрацијата Акционерско друштво во приватна сопственост „АСНОВА ХОЛДИНГ“ поседуваат 100% од акциите на Акционерско друштво во приватна сопственост „САВ 92“;

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**